С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од ДВАЕСЕТ И СЕДМАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 26.07.2019 година

СКОПЈЕ, ЈУЛИ 2019 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Дваесет и седмата седница
на Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 26.07.2019 година

Пред започнување на седницата со едноминутно молчење од присутните беа одбележани 56 години од земјотресот во Скопје и им беше оддадена должна почит на трагично загинатите во земјотресот.

Седницата започна во **13,05 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

****

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и шестата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и шестата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **20 гласа ”ЗА”**.

ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **20 гласа ”ЗА”** беше усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Одлука за давање согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од проектот за подобрување на меѓуопштинските услуги (МСИП); и
2. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона".

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција ”За подобра Македонија”):

Жал ми е што не è присутен Градоначалникот на општината да го слушне ова мое обраќање пред советот. Имено, се обраќам до советот во врска со неисплатениот надоместок за присуство на седници на советот за месец јуни 2019 година. Ако Градоначалникот мисли дека со неисплаќање на надоместокот на советниците, ние од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ”За подобра Македонија” ќе сториме нешто што немислиме да го сториме, тогаш многу греши. Ние од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ”За подобра Македонија” ќе опстоиме на нашите ставови, па дури и ако неисплати ниту еден надоместок до крајот на нашите мандати како советници во овој совет. Не è добро ако нему нешто не му се допаѓа околу точки на дневниот ред, а ова е веќе втор пат, Градоначалникот да го користи овој метод со неисплаќање на месечниот надоместок. Една работа е ако нема средства во буџетот, а сосема друга работа е ако има средства како што е тоа случај сега, но не се исплаќа. Ние како советничка група секогаш ќе работиме во интерес на граѓаните.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Координаторот на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ”За подобра Македонија” - колегата Најденовски, спомна дека ова е веќе втор пат да се злоупотребува правото на месечен надоместок на советниците за присуство на седниците на советот и со неисплаќање на месечниот надоместок да се врши одреден пристисок од страна на Градоначалникот. Се гледа дека е тоа така. Така беше и пред една година така е и сега. Исто беше и со правото на вработените во општинската администрација за остварување на правото за регрес за годишен одмор. Од оваа говорница Градоначалникот вети дека ќе им исплати на вработените, но тоа не се случи. Добро е што ова се снима и ќе биде дел од записникот од оваа седница на совет. Да пратам една порака до Градоначалникот на општината од ова место. Најпогрешниот потег што некој можеше да го направи е овој потег. Филозофијата на ”владеење со луѓе” а не со теренот е многу погрешна не само во политиката, туку и воопшто во начинот на работењето. Секој лидер, Претседател или Градоначалник треба да тежнее да владее со теренот а не со луѓето. Тоа го покажува и карактерот на одредена личност. Познавајќи го Градоначалникот, многу сум непријатно изненаден што вака постапува. Ние како советничка група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ”За подобра Македонија” ќе побараме средба со него на која јасно ќе му укажеме дека ова негативно се одразува на имиџот на општината. Ние не смееме да дозволиме некому само затоа што во даден момент ”може” нешто да направи на штета на други, тоа и да го стори. Тука имаме колеги на кои тој месечен надоместок им е единствен извор на приход а дополнително се оптеретени и кредити, и од човечки и хуман аспект ова несмее да се случува. Да беше тука Градоначалникот јас лично ќе го прашав, дали тој зима секој месец по околу 70.000,00 денари плата а е веќе 20 месеци на таа функција, да го прашаме дали воопшто ја заслужил таа плата. Ако нешто требал да стори а не го сторил значи тој не ја заслужил таа плата. Ако нам ни се ускратува правото на месечен надоместок, тогаш и тој нема и нетреба да зема плата. Градоначалникот таква порака ни упатува. Ако е тоа така ќе одиме поединечно па за секој месец од изминатите 20 месеци да видиме дали воопшти ја заслужил а ја зел платата. А овој месец конкретно знам дека ништо не работел, па нетреба и да земе плата. Тој е дел од оваа општина и е избран од граѓаните како што сме и ние. Ова лето ќе спроведеме ревизија па ќе одиме улица по улица, ќе го мериме асфалтот дали е или не е по нормативи. Ќе има ревизија и одговорност и за него.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција ”За подобра Македонија”):

Во контекст на дискусиите околу неисплатата на месечниот надоместок за советниците, имам информации дека дел од сезонските работници во ЈКП Гази Баба - 2007 - Скопје и вработени во градинките, веќе неколку месеци не зеле плата, што е доказ за неодговорното работење на Градоначалникот. Постои закон врз основа на кој се исплаќаат надоместоците за советниците. Ние како советничка група спремаме анализа и веќе најавувам од оваа говорница дека на наредната седница на советот на 30 август средствата предвидени во буџетот на општината за плата и надоместоци на плата за Градоначалникот ќе ги пренамениме на ставка која се однесува на јавното комунално претпријатие се со цел сезонските работници да земат плата. Како што советниците не земаат надоместок, така и Градоначаникот нема да зема плата. Нека поведе спор како што и ние ќе поведеме спор, па и нему и нам ќе ни се исплати со камата.

ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од проектот за подобрување на меѓуопштинските услуги (МСИП).

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 26.07.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од проектот за подобрување на меѓуопштинските услуги (МСИП); и
- Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона".

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на намерата за користење на средства обезбедени преку грант од проектот за подобрување на меѓуопштинските услуги (МСИП), со **20 гласа ”ЗА”**.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона".

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба во проект - "Изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа за село Раштак - крак 1 и крак 7 - ниска зона", со **20 гласа ”ЗА”**.

Член на Совет - **Благе Данев** (коалиција ”За подобра Македонија”):

Дали може за следната седница да се добијат информации околу работењето и трошењето на финансиските средства на јавното комунално претпријатие формирано од советот на општината (спецификација на поединечни трошоци на пример за корпи за отпадоци, клупи итн.), за да видиме дали општината внесува средства во претпријатието или обратно, за да видиме зошто нема плата за сезонските работници. Сите градоначалници се исти. Јас кога бев член на управниот одбор на претпријатието, тогашниот Градоначалник Тони Трајковски јасно ни стави на знаење дека нема да има надоместок за присутво на седниците на управниот одбор и ако сакаме можеме да напуштиме. Но сепак работевме во интерес на граѓаните и општината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Се задолжува стручната служба да се обрати до јавното комунално претријатие за да се обезбеди таа информација за следната седница на советот.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Дваесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13,30 часот**.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски